Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

ЗАПИСНИК
ОД ЧЕТВРТА СЕДНИЦА
НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
ОДРЖАНА НА 13.10.2025
МЈА

Присутни:

Лазе Јаќимоски (Министерство за јавна администрација), Есма Адиловиќ Фазлиќ (Министерство за јавна администрација), Оливер Серафимовски (АЗСПИЈК), Весна Марковска (Кабинет на ЗПВРСМ политички систем), Билјана Николовска Жагар (Кабинет на ЗПВРСМ за добро владеење), Андријана Јанкуловска Ангеловска (Агенција за администрација), Сара Николовска (Инспекциски совет), Филип Чавдаревски (ГС), Елтон Зекири (Министерство за односи меѓу заедниците), Огнен Граорковски (Канцеларија на Претседател на Влада) Лаура Ајдини (Министерство за европски прашања), Мирослав Гроздановски (Министерство за дигитална трансформација), Маја Коневска (ДКСК), Михајло Михајловски (Министерство за финансии), Александра Крстеска Ангеловска (МСПДМ), Ангела Саплиева (Министерство за јавна администрација), Ирена Стамеска Ѓеровска (Министерство за јавна администрација), Митко Аритоновски (Министерство за јавна администрација), Јулијана Зафировска (Министерство за јавна администрација) Александра Савов (Министерство за јавна администрација), Петар Цубалевски (Министерство за јавна администрација).

Четвртата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација (во натамошниот текст: Секретаријатот) започна со воведно обраќање на претседавачот Лазе Јаќимоски, заменик министер за јавна администрација, кој ги поздрави присутните членови и им се заблагодари на присуството.
Потоа го предложи дневниот ред на третата седница на Секретаријатот.

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Дневен ред

1. Усвојување на Записникот од третата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 10.03.2025 година
2. Нацрт ажуриран Акциски план 2023 - 2026 година ажуриран за периодот 2025 – 2026 година од Стратегија за реформа на јавна администрација 2023 – 2030
3. Разно (прашања/предлози)

Во однос на **точка 1**, Усвојување на записник од третата седница на Секретаријатот за реформа на јавна администрација одржана на 10.03.2025, никој од присутните немаше забелешки. Записникот од третата седница на Секретаријатот за реформа на јавна администрација беше усвоен.

Во однос на **точка 2**, Нацрт ажуриран Акциски план 2023 - 2026 година ажуриран за периодот 2025 – 2026 година од Стратегија за реформа на јавна администрација 2023 – 2030, претседавачот наведе дека фокусот на оваа седница е ревизијата на Акцискиот план од Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023 -2030). Наведе дека Стратегијата за реформа на јавната администрација е клучна за воспоставување ефикасна, транспарентна и професионална администрација која е насочена кон граѓаните и во служба на јавниот интерес и дека претставува основа за модернизација на институциите, подобрување на управувањето со човечките ресурси и усогласување со европските стандарди и вредности.
Претседавачот ја истакна континуираната стручна и аналитичка поддршка од СИГМА, која беше клучна во идентификацијата на слабостите дефинирани во Извештајот од оценската мисија за 2024 година кој пристигна веднаш по формирањето на новата Влада во јуни 2024 година и послужи како основа за планирање на низа суштински реформи во јавната администрација и дел од препораките од истиот се содржани во овој ревидиран Акциски план.

Претседавачот со присутните ги сподели и клучните чекори кои МЈА ги презема кон имплементација на активностите дефинирани во Стратегијата за РЈА, со цел зајакнување на администрацијата и унапредување на јавните услуги за граѓаните, и тоа пакетот од четирите суштински реформски закони: Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници и Законот за инспекциски надзор.
Овие законски измени создаваат услови за унапредување на кадарот врз основа на заслуги, зголемена внатрешна мобилност и мерки за мотивација и задржување на квалитетни професионалци, особено во институциите директно вклучени во преговарачкиот процес со Европската Унија. Во моментов се подготвуваат и подзаконските акти на овие четири закони.

Наведе и дека е воспоставена нова Академија за јавна администрација, која ќе биде институционален столб за стручно и континуирано усовршување на службениците. Новина е што во оваа Академија, искусни практичари од самата администрација ќе имаат можност да обучуваат – со што знаењето ќе остане во институциите и ќе се пренесува онаму каде што е најпотребно. Дополнително, МЈА работи на носење на нов Закон за висока раководна служба, заедно со реформата на Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ), на системот за плати, како и другите поврзани области.

Претседавачот истакна дека во насока на транспарентност во процесот на подготовката на ажурираниот Акциски план, на 02.10.2025 година Министерството за јавна администрација (во понатамошниот текст МЈА) одржа јавна расправа за нацрт ажурираниот Акциски план 2025–2026 на Стратегијата за реформа на јавната администрација (во понатамошниот текст СРЈА) од која произлезе извештај со конкретни предлози од претставниците на граѓанските организации и институциите. Притоа, по разгледување на Акцискиот план на оваа седница, следи одржување на седница на Советот за реформа на јавна администрација и подготвување на Информација за нацрт ревидираниот Акциски план кој ќе треба да се усвои на Влада.

Во однос на процесот на ажурирање на Акцискиот план и кои измени се направени во однос на претходниот и даде збор на Есма Адиловиќ Фазлиќ.

Есма Адиловиќ Фазлиќ го презентираше пред присутните процесот за ажурирање на Акцискиот план 2023-2026 од Стратегијата за РЈА 2023-2030, елаборирајќи околу основот за неговото ажурирање, преземените активности од страна на Секторот за реформа на јавната администрација при Министерството за јавна администрација, вклученоста на засегнатите страни (институции, граѓански организации и јавноста) и следните чекори. Наведе дека процесот се спроведуваше согласно Насоките за структура, содржина и процес на изработка, имплементација, мониторинг, известување и евалуација на секторските и мултисекторските стратегии усвоени од Владата во 2022 година; беа одржани работни состаноци со контакт лицата од институциите носители на мерки од Акцискиот план поделени по приоритетни области на кои на лице место се работеше на ажурирањето на Акцискиот план, беа додавани и/или бришени одредени активности, потврдени или корегирани кварталите на отпочнување и планираното завршување на активностите. Акцискиот план беше испратен до сите контакт лица кои имаа предлози во однос на дополнување, бришење или корекција на активности од истиот, а со цел да се овозможи и учество на надворешните засегнати страни, Акцискиот план беше поставен на ЕНЕР.Потоа, ги презентираше статистичките податоци, односно бројот и процентот на избришани активности, нови активности, непроменети активности, променети активности и променети квартали по приоритетни области, како и вкупна анализа на овие податоци.

Адиловиќ Фазлиќ наведе дека на јавната расправа за нацрт ажурираниот Акциски план 2025–2026 на Стратегијата за реформа на јавната администрација беа добиени конкретни предлози од претставниците на граѓанските организации коиСекторот за реформа на јавна администрација ги формулираше во конкретни активности кои може да бидат додадени во ревидираниот Акциски план и им ги презентираше на присутните.

Активностите се:

1. Идентификување на институции каде ќе се намалува број на членови во управни и надзорни одбори и укинување на позицијата заменик-директор согласно донесената законска рамка за висока раководна служба
2. Анализа на институции кои имаат преклопување на надлежности и препораки за можности за укинување/ спојување
3. Анализа со препораки за можности за централизирање на административни и логистички работи (функции на поддршки) за помалите институции и
4. Анализа за потребата од дисперзирање на дел од државните институции кон другите градови во Македонија со препораки за можности за укинување/спојување

Ги праша присутните дали се согласуваат активностите да останат формулирани на овој начин.

Мирослав Гроздановски наведе дека во однос на третата активност, анализа со препораки за можности за централизирање на административни и логистички работи (функции на поддршки) за помалите институции се мисли на дел од канцелариите, на пример Канцеларија за помош на Секторот за земјоделство кои би помагале во работата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во однос на првата активност, идентификување на институции каде ќе се намалува број на членови во управни и надзорни одбори и укинување на позицијата заменик-директор согласно донесената законска рамка за висока раководна служба Лаура Ајдини праша дали Европската Комисија прифаќа опфатот да биде на државните органи, бидејќи порано опфатот бил многу поголем. Есма Адиловиќ наведе дека прифаќаат, односно оставаат на нас да направиме разграничување помеѓу политичко и професионално ниво. Наведе дека во законот ќе биде опфатено назначувањето на директорите и државните секретари на јавен и транспарентен начин. Во однос на

укинувањето на позицијата заменик-директор, тоа ќе биде опфатено и со новиот ЗОРОДУ, а не само новиот Закон за висока раководна служба и дека овие два процеси на подготовка на овие два закони се поврзани и треба да се одвиваат паралелно. Истакна дека веќе е формирана работна група за подготовка на новиот ЗОРОДУ.

Во однос на втората активност, Анализа на институции кои имаат преклопување на надлежности и препораки за можности за укинување/ спојување, присутните наведоа дека се согласуваат да се додаде во ревидираниот Акциски план.

Гроздановски наведе дека согласно Методологијата, при самата реорганизација на министерскиот систем треба да се вклучат институциите кои имаат преклопувања на одредени надлежности, на пример Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со Министерство за животна средина и просторно планирање, за да се направи пресек кои надлежности ќе ги преземе едното, а кои другото министерство. Истакна дека таква анализа веќе постои, а во Акцискиот план може да се додаде активност: Ревидирање на анализата.

Лаура Ајдини се согласи дека нема потреба од нова анализа, само ревидирање на постоечката.

Во однос на првата активност, Гроздановски предлага да се избрише делот “согласно донесената законска рамка” и активноста да гласи: Идентификување на институции каде ќе се намалува број на членови во управни и надзорни одбори и укинување на позицијата заменик-директор, па истото ќе служи или за таа или друга цел.

Билјана Николовска Жагар наведе дека ако активностите се гледаат како чекори, и првата и втората активност се претходни чекори на носењето на законска рамка. Првата активност е поврзана со ЗОРОДУ и со Законот за висока раководна служба, а втората активност со ЗОРОДУ и со сите посебни закони кои потоа поради ЗОРОДУ ќе треба да се ревидираат. Наведе дека од аспект на временска рамка нелогично е да се додадат овие активности и да

се имплементираат по донесувањето на законите. Истакна дека ЦУП, од чија препорака на јавната расправа произлегла оваа активност го следат процентот на имплементација на програма за работа на Владата и дека активностите кои би биле додадени во ревидираниот Акциски план би требало да бидат во согласност со она што е напишано во програмата за работа на Владата, односно потребно е МЈА да се консултира со нив во однос на тоа дали вака формулираните активности ја постигнуваат целта.

Есма Адиловиќ Фазлиќ дополни дека ќе биде потребно уште еднаш да се консултираат со Канцеларијата на Претседателот на Владата.

Огнен Граорковски во однос на првата активност, идентификување на институции каде ќе се намалува број на членови во управни и надзорни одбори и укинување на позицијата заменик-директор наведе дека анализата не е цел сама за себе и претпоставува дека целта на препораките на граѓанскиот сектор е намалувањето на бројот на членови во управни и надзорни одбори. Воедно, според него истото не би требало да биде активност во акцискиот план, туку истото би требало да биде финален резултат т.е. постигната цел на други активности. Во однос на четвртата активност истакна дека истата има нелогичност во дефинирањето т.е. дека дисперзирањето на дел од државните институции не оди во корелација со можности за укинување/спојување. Сепак, за финален и официјален став по наведените излагања, ќе се произјасни после консултација со Канцеларијата на претседателот на Владата.

Филип Чавдаревски смета дека првата активност треба да биде посеопфатна, односно анализата не треба да се однесува само на органите на државната управа, туку на целокупниот систем. Истакна дека во однос на четвртата активност не е јасно прецизирано дали се мисли на седишта или подрачни одделенија, бидејќи ако се мисли на подрачни канцеларии нема можност за укинување и спојување на функции бидејќи тие се дел од надлежноста на институциите.
Адиловиќ Фазлиќ додаде дека по однос на ова ќе биде потребно појаснување од страна на Канцеларијата на Претседателот на Владата.

Мирослав Гроздановски предложи оваа активност да се преименува во Анализа за потребата и бенефитите од дисперзирање на дел од државните институции или организациски единици кон другите градови во Македонија.

Адиловиќ Фазлиќ дополни и  дека и ова треба да се провери со Канцеларијата на Претседателот на Владата која била идејата позади напишаното во Програмата за работа на Владата и ако е возможно да се формира оваа активност и да се додаде во ревидираниот Акциски план, а ако не е, да се формулира како целосна мерка во новиот аАциски план 2027 - 2030.

Огнен Граорковски наведе дека ќе се консултира по однос на сите 4 наведени активности предложени од граѓанските организации во рамките на својата институција и ќе го извести МЈА.

Во однос на **точка 3,** Разно, претседавачот ги информираше присутните дека иако согласно Стратегијата за РЈА МЈА нема обврска за подготвување на полугодишни извештаи, ИТ алатката овозможува преглед на статусот на имплементација на активностите. Во таа насока, и даде збор на Есма Адиловиќ Фазлиќ накратко да го презентира статусот на реализација на активностите од Акцискиот план за периодот јануари – јуни 2025 година.

Есма Адиловиќ Фазлиќ накратко ги презентираше статистичките податоци поделени по приоритетни области.

По презентацијата, претседавачот отвори дискусија.

Во однос на надлежностите од Инспекциски Совет кои преминуваат во надлежност на МЈА, Сара Николовска наведе дека инспекциската постапка е различна во сите 28 инспекциски служби и дека процесот на развивање на модулите треба да го прави некој кој има познавање не само од технички аспект, туку и од комплетната инспекциска постапка на службата.

Мирослав Гроздановски наведе дека самата инспекциска служба најдобро ја познава проблематиката и тие би требало да подготват бизнис анализа

согласно која ќе се утврди техничка спецификација и ќе се даде на изработка на контракторот, односно изведувачот.

Адиловиќ Фазлиќ ги информираше присутните дека смета дека со новиот акциски план кој ќе се подготвува наредната година, ќе биде обезбедена поддршка од ИПА проектот и дека ќе биде потребно да се направи оперативен план во кој активностите ќе бидат операционализирани низ потребни чекори и назначени лица од институцијата надлежни за нивна имплементација.
Исто така, истакна дека со надградбата на ИТ алатката ќе се овозможи истата да може да се користи и од страна на другите институции кои подготвуваат стратегии.

Претседавачот им се заблагодари на присутните и ја затвори четвртата седница на Секретаријатот.

## Предлог заклучоци

- Канцеларијата на Претседателот на Владата да го извести МЈА во однос на тоа дали активностите се соодветно формулирани согласно целта која била планирана да се постигне во Програмата за работа на Владата.

- Нацрт ажурираниот Акциски план 2023 - 2026 година ажуриран за периодот 2025 – 2026 година од Стратегија за реформа на јавна администрација 2023 – 2030 да биде доставен на разгледување на наредната седница на Советот за РЈА, а потоа и на седница на Влада.

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**